Врз основа на членот 182 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 82/18 и 178/21); Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот во Тетово; Статутот на Универзитетот во Тетово; и потребата од ангажирање лица во насловни звања, се распишува

# К О Н К У Р С
## за избор на наставници во насловни звања на единиците на Универзитетот во Тетово

Се распишува конкурс за избор во насловни звања на единиците на Универзитетот во Тетово, и тоа на следниот начин:

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Еден наставник во насловно звање доцент/вонреден професор од областа на Економска теорија, Економија на трудот, Банкарство (50300, 50320, 50321 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација).

**ФАКУЛТЕТ НА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ**

1. Еден наставник во насловно звање доцент/вонреден професор од областа на Орална хирургија (30408 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација).
2. Еден наставник во насловно звање доцент/вонреден професор од областа на Ортопедски болести (30215 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација).
3. Еден наставник во насловно звање доцент/вонреден професор од областа на Инфектологија, Тропски и карантински заболувања (30208, 30224 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација).
4. Еден наставник во насловно звање доцент/вонреден професор од областа на Орална хирургија, Друго (30408 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација).

**ФАКУЛТЕТ УМЕТНОСТИ**

1. Еден наставник во насловно звање доцент/вонреден професор од областа на Ликовна уметност, Друго (30408 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација).
2. Еден наставник во насловно звање доцент/вонреден професор од областа на Драмска уметност, Друго (30215 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација).

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Еден наставник во насловно звање доцент/вонреден професор од областа на Методика, Друго (50504, 50525 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација).
2. Еден наставник во насловно звање доцент/вонреден професор од областа на Дефектологија (50521 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација).

Кандидатите за избор во насловните звања треба да ги исполнуваат општите услови за избор во наставно-научни звања, и општите услови за избор во наставно-научни звања по стручно-уметнички предмети, во согласност со членот 166 и 167 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 82/18 и 178/21) и посебните услови утврдени со општите акти на Универзитетот во Тетово.

**Исполнетоста на општите и на посебните услови кандидатите треба да ја докажат со приложување на следнава документација:**
- пријава (се подигнува од архивата на Универзитетот);
- диплома и уверение на оценки од завршени додипломски студии (оригинал и по една копија заверена на нотар), странските дипломи да се нострифицирани и дополнети со решение од ресорното министерство за еквиваленција на оценките;
- диплома и уверение на оценки од завршени магистерски студии (оригинал и по една копија заверена на нотар), странските дипломи да се нострифицирани и дополнети со решение од ресорното министерство за еквиваленција на оценките;
- диплома за завршен трет степен на студии – докторски студии од соодветната област за која се врши изборот;
- список и по еден примерок од објавените научни трудови;
- доказ за познавање на еден од странските светски јазици;
- кратка биографија;
- одлука за избор во наставно-научно, научно или наставно-стручно звање (доколку претходно бил избран на друга институција);
- приказ со доказ за професионално искуство (наставно-образовна дејност, научноистражувачка дејност, стручно-уметничка и апликативна дејност, како и дејности од поширок интерес) – приказот треба да биде систематизиран по видот на дејноста и по период;
- уверение за државјанство.

* Пријавата со потребните документи кандидатите треба да ја достават во рок од 5 работни дена, од денот на објавувањето на Конкурсот, во Архивата при Ректоратот на Универзитетот во Тетово, на адреса: Ректорат на Универзитет во Тетово, ул. Илинденска, б.б. Тетово.

**Универзитет во Тетово**

---

Врз основа на членовите 5,14,20-г и 21 од Законот за вработените во Јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14,199/14,27/16 и 35/18) членовите 22 и 23 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија “ бр.167/15,27/15 и 120/18), член 7,став 1 од Колективниот договор за здравствена дејност на Република Македонија („Службен Весник на Република Македонија“, бр.60/06 , 156/07, 17/09, 88/09, 60/10, 33/11, 108/13, 3/16, 75/16, 80/18, 31/19 и 32/19), Правилникот за организација и систематизација на работни места на ЈЗУ Здравствен дом -Радовиш и согласност за вработување од Министерство за финансии со бр.18-8927/2 од 19.10.2023 година , вд директорот на ЈЗУ Здравствен дом -Радовиш објавува:

# ЈАВЕН ОГЛАСбр.01/2023
## за вработување на работници на неопределено време

ЈЗУ Здравствен дом-Радовиш има потреба од вработување на 3 (три ) помошно-технички лица на неопределено време со полно работно време за следниве работни места:

**1. Возач во брза помош -1 (еден) извршител**

**Заинтересираните кандидати за работното место возач во брза помош треба да ги исполнуваат општите и посебните услови за вработување:**

**Општи услови**
- Да се државјани на Република Северна Македонија
- Да се полнолетни
- Да имаат општа здравствена состојба
- Да не им е изречена со правосилна одлука забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови**
- Да имаат завршено најмалку средно образование(гимназија,економско,техничко)
- Возачка дозвола Б или Ц категорија.

**Работното време** е во смени, 40 часа неделно
**Основна нето плата:** 23.000 денари

**2. Хигиеничар -2 (двајца ) извршители**
**Заинтересираните кандидати за работното место хигиеничар треба да ги исполнуваат општите и посебните услови за вработување:**

**Општи услови**
- Да се државјани на Република Северена Македонија
- Да се полнолетни
- Да имаат општа здравствена состојба

**Посебни услови**
- Да имаат завршено основно образование

**Работното време е** во смени , 40 часа неделно
**Основна нето плата:** 22.000 денара

**Во прилог на пријавата, а како доказ за исполнување на условите, кандидатите за работното место под број 1 Возач во брза помош треба да ги достават следниве документите во оригинална форма, или заверени кај нотар:**
- Пријава со податоци за контакт
- Уверение за државјанство , во оригинал или фотокопија заверена на нотар ,
- Диплома за завршено средно образование, во оригинал или фотокопија заверена на нотар
- Возачка дозвола Б или Ц категорија,во фотокопија
- Уверение за здравствена состојба во оригинал или фотокопија заверена на нотар ,
- Доказ дека не им е изречена со правосилна одлука забрана на вршење професија или дејност, во оригинал или фотокопија заверена на нотар.

Во Република Северна Македонија надлежен орган за издавање на оваа потврда е Централниот регистар на Република Северна Македонија.

**Во прилог на пријавата, а како доказ за исполнување на условите, кандидатите за работното место под број 2 Хигиеничар треба да ги достават следниве документите во оригинална форма, или заверени кај нотар:**
- Пријава со податоци за контакт
- Уверение за државјанство , во оригинал или фотокопија заверена на нотар ,
- Диплома за завршено основно образование , во оригинал или фотокопија заверена на нотар ,
- Уверение за здравствена состојба во оригинал или фотокопија заверена на нотар

Рокот за пријавување на огласот е 3 (три) работни дена од денот на објавувањето.

Како прв ден на објавување се смета денот на последното објавување во јавно гласило.

Ненавремената, нецелосната и неуредна документација нема да биде предмет на разгледување од страна на комисијата за селекција на кандидати.

Пријавите со потребните документи се доставуваат во архивата на ЈЗУ Здравствен дом Радовиш или како препорачана пратка по пошта на адреса ЈЗУ Здравствен дом-Радовиш ул. “Блаже Коневски бр.1 Радовиш , со назнака „ за огласот за вработување на работници на неопределено време со назнака за работното место за кое аплицира кандидатот“.

Селекцијата и изборот за помошно техничките лице ќе се изврши согласно членовите 20-г и 20-д од Законот за вработените во Јавниот сектор(“ Службен весник на Република Македонија “бр.27/14,199/14,27/16 и 35/18).

**ЈЗУ Здравствен дом- Радовиш**
**вд Директор**
**м-р.Симона Цветаноски**

---

Врз основа на член 6 точка 6.5 (г) од Финансискиот договорот за спроведување на Проектот (Подобрување на водената инфраструктура на општините во Северна Македонија), Оперaциски број 2018-0837 склучен помеѓу Република Северна Македонија и Европската Инвестициона Банка, а врз основа на член 4 од Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Инвестициона Банка по финансискиот договор за проектот за подобрување на водената инфраструктира на Општините во Северна Македонија, („Службен Весник на РСМ“ бр. 203/2022) Министерството за животна средина и просторно планирање спроведува:

# Јавен повик
## за изразување интерес за консултантски услуги за Проект „Подобрување на водената инфраструктурата на општините во Северна Македонија“

**Министерството за животна средина и просторно планирање отпочнува постапка за ангажирање на индивидуални консултанти за следните позиции:**

1) Инженери за водоснабдување – член на ПЕИ 2 (два) извршители

2) Инженер за отпадни води – член на ПЕИ 1 (еден) извршител

Министерството за животна средина и просторно планирање ги поканува сите кандидати кои ги исполнуваат условите да изразат интерес за обезбедување на консултантски услуги.

Заинтересираните кандидати потребно е да обезбедат информации со кои ќе потврдат дека ги поседуваат потребните квалификации и релевантното работно искуство за извршување на задачите.

Доколку сметате дека ги задоволувате соодветните квалификации и искуство, Ве молиме да доставите ваша Професионална биографија - CV и Писмо за интерес и документи за потврда на потребните стручни квалификации , со јасна назнака за која позиција аплицирате на адресата на Министерството за животна средина и просторно планирање; Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, 1000 Скопје и на следната е-маил адреса: l.zajkov@moepp.gov.mk.

Последен рок за доставување апликации е 25.11.2023 година до 12:00 часот, локално време.

Деталниот опис на работни задачи и условите за работа за позициите за кои се објавува овој оглас се достапни подолу во Јавниот повик.

Потребни стручни квалификации и услови за номинирање и именување на членовите на Проектната единица

**Позиција 1:**

Инженери за водоснабдување – член на ПЕИ 2 (два) извршители да ги исполнуваат следните услови:
- Да има завршено високо образование, со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен на технички науки;
- Да има стекнато најмалку 3 години работно искуство во струката;
- Доказ за познавање на англиски јазик;
- Доказ за познавање на програми за канцелариско работење.
- Да не му е изречена забрана за вршење на дејност или професија.
- Предност ќе се смета искуство во меѓународен или домашен проект за управување со водоснабдување и добро разбирање на FIDIC договори.

Работното време трае 8 часа дневно секој работен ден од 7.30/8.30 часот до 15.30/16.30 часот.

**Позиција 2:**

**Инженер за отпадни води – член на ПЕИ 1 (еден) извршител треба да ги исполнува следните услови:**
- Да има завршено високо образование, со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен на технички и природно математички науки;
- Да има стекнато најмалку 3 години работно искуство во струката;
- Доказ за познавање на англиски јазик;
- Доказ за познавање на програми за канцелариско работење.
- Да не му е изречена забрана за вршење на дејност или професија.
- Предност ќе се смета искуство во меѓународен или домашен проект за управување со водоснабдување и добро разбирање на FIDIC договори.

Работното време трае 8 часа дневно секој работен ден од 7.30/8.30 часот до 15.30/16.30 часот.

**Задачи на членовите на Проектната единица**

1) Членовите на ПЕИ му помагаат на Раководителот на ПЕИ во спроведувањето на активностите од својот делокруг на работа и обезбедуваат поддршка на Раководителот во подготвување на месечни, квартални и годишни извештаи за напредокот при спроведување на проектот и завршниот извештај за реализација на проектот

2) Членовите на ПЕИ се одговорни за обезбедување на навремени информации до Координаторот, со цел целосно исполнување на активностите поврзани со подготовка и спроведување на Проектот

3) Членовите на ПЕИ ќе соработуваат со финансиските институции, со консултантите, ќе работат на спроведување на тендерските постапки, склучување и реализација на договор со изведувачот

4) Членовите на ПЕИ по потреба учествуваат на редовни состаноци за следење на проектот и подготвуваат кратки белешки по истите, како и по потреба организираат посета на локацијата на проектот

5) Членовите на ПЕИ одговараат пред Раководителот на ПЕИ за навремено и квалитетно вршење на својата работа во рамките на своите овластувања и надлежности

6) Членовите на ПЕИ вршат и други работи доверени од раководителот на ПЕИ, согласно договорите потпишани во врска со спроведувањето на Проектот

7) Членовите на ПЕИ во своето работење ги почитуваат барањата за етика и интегритет на работното место.

8) Членовите на ПЕИ се грижат за целокупната документација поврзана со имплементацијата на проектот во согласност со пропишаните правила

9) Членовите на ПЕИ вршат собирање, средување, евидентирање и архивирање на документи и податоци поврзани со проектот

10) Членовите на ПЕИ одговараат пред Раководителот на ПЕИ.

**Услови за работа**

Министерството за животна средина и просторно планирање обезбедува соодветен канцелариски простор за работа на ПЕИ (канцелариски мебел, интернет, компјутери, печатачи и сл.)

Раководителот и членовите на Проектната единица за имплементација се должни да присуствуваат на работното место секој работен ден од 7.30/8.30 часот до 15.30/16.30 часот.